MKT_GENERAL_ALL
Бар код: 2014000000995

До: **Македонски Телеком АД – Скопје**
Кеј 13-ти Ноември бр.6, 1000 Скопје

Претседавач на Собранието

Копија до:
Г-дин Оливер Костуранов, Претседател на Одборот на директори
Г-дин Тило Куш, Главен извршен директор
Г-ѓа Славица Серафимовска, Секретаријат на Одборот на директори

Предмет: **Доставување на податоци и документи во врска со Предлогот за кандидат за нов член на Одборот на директори на Македонски Телеком**

Почитуван г-дин Претседавач,

Како дополнување на Предлогот за кандидат за нов член на Одборот на директори (ОД) на Македонски Телеком, којшто Ви беше доставен на 12 декември 2013 година, Ви ги доставувам податоците за кандидатот кој се предлага да биде избран за нов член на ОД од страна на Собранието на МКТ, на неговата седница којашто е свикана за 24 јануари 2014 година, како што следува:

1. Г-дин Андреас Маиерхофер да се избере за нов член на ОД на МКТ, со мандат од 4 години со важност почнувајќи од 1 февруари 2014 година, поради оставката на г-дин Тило Куш од позицијата член на ОД на МКТ, како Извршен член на ОД во функција на Главен извршен директор, со датум на важност почнувајќи од 1 февруари 2014 година. Понатаму, се предлага г-дин Андреас Маиерхофер, по неговиот избор за член на ОД, да биде избран од страна на ОД за Извршен член во функција на Главен извршен директор.

Кратката биографија со податоците за предложениот кандидат за член на ОД се дадени во прилог, со цел да бидат ставени на располагање на акционерите на Друштвото најдоцна 7 дена пред одржувањето на седницата на Собранието, во согласност со Законот за трговски друштва.

Со почит,

Анамарија Мезеи
(потпис нечитлив)
Овластен претставник на Каменимост Комуникации АД Скопје

| Македонски Телеком | | | |
|---|---|---|---|
| АД за електронски комуникации - Скопје | | | |
| Примено | 15.01.2014 година | | |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03- | 8027/1 | | |

Преведено од Лингва Експерт